# 164. НА ПАТ МИ ТРГНА ДЕЛЧЕВ МЛАД ВОЈВОДА




На пат ми тргна
Делчев млад војвода,
со неговата верна дружина.

На пат го сретнаа,
двојца јаничари,
што пасеја овци,
в'сиромашни ниви.

Ај што им вели,
Делчев млад војвода,
не пасете овци,
в'сиромашни ниви.

Ај што му велат,
двојца јаничари:
Ај врвиш Делчев,
немаш снас работа.

Ај наљутил се,
Делчев млад војвода,
ајде избијал си
двојца јаничари.

Па си забрал овци,
право во селото,
си разделил овци,
на сиромаси.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995